РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 22.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2890/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Оливер Спасовски

Сања Лукаревска

Јован Митрески

Димитар [illegible]

Јована Тренчевска

Миле Талевски

Даниела Николова

Благој Бочварски

Митко Трајчулески

Ѓорѓе Цветков

Моника Зајкова

Сања Мирковска

Горан Мисовски

[illegible]

Славица Петрова

[illegible]

Мира Костадиновска Стојчевска

Fatmir Bytyqi

Предлагачи : Група пратеници

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ  И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, април 2026 година

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Македонија.

Со предложените измени се утврдуваат услови за именување на членови на Владата, со цел зајакнување на критериумите за нивна стручност, интегритет и само државјанство на Република Северна Македонија. Исто така, се пропишуваат преодни и завршни одредби со кои се обезбедува примена на новите услови и за веќе избраните членови на Владата, како и последици во случај на нивно непостапување во утврдениот рок.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за Владата на Република Македонија

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), во членот 1 по зборот „уредуваат” се додаваат зборовите:„ изборот,”.

Член 2

Во член 3 по ставот (2) се додаваат нови става (3) и (4) кои гласат:

„ (3) За член на Владата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. да е државјанин само на Република Северна Македонија;

2. да има деловна способност;

3. да има високо образование и

4. да не е осудено со правосилна судска одлука на казна затвор.

(4) Начинот на предлагање, избор и разрешување на членовите на Владата, како и нивните права и обврски, поблиску се уредуваат Уставот и со овој закон. “.

Ставот (3) станува став (5).

Член 3

Одредбите од член 2 од овој закон со кои во членот 3 се додаваат два нови става (3) и (4) ќе се усогласат со Изборниот законик во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

(1) Одредбите од членот 2 од овој закон со кои во членот 3 се додава нов став (3) ќе се применуваат и на членовите на Владата избрани и именувани до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Член на Владата кој, на денот на влегувањето во сила на овој закон, покрај државјанството на Република Северна Македонија има и државјанство на друга држава, е должен во рок од 30 дена да поднесе оставка од функцијата до Собранието.

(3) Доколку лицето од ставот (2) на овој член не постапи во предвидениот рок, Собранието го разрешува првиот нареден работен ден по истекот на рокот од ставот (2) на овој член.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија содржи 5 члена.

Со член 1 се врши изменување на членот 1 од постојниот закон при што се предлага со овој закон да се уредуваат условите за избор на членови на Владата.

Со член 2 се дополнува членот 3 со нови ставови со кои се утврдуваат условите за именување на членови на Владата, вклучувајќи државјанство само на Република Северна Македонија, деловна способност, високо образование и неосудуваност, како и се уредува начинот на нивно предлагање, избор, разрешување и нивните права и обврски.

Со член 3 е преодна одредба која се однесува на усогласување на членот 2 од овој закон со Изборниот законик.

Со член 4 се уредува усогласување на составот на Владата, со обврска лицата кои имаат и друго државјанство да поднесат оставка во рок од 30 дена, а доколку не постапат во предвидениот рок Собранието истите ќе ги разреши.

Со член 5 е уредено влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог-закон се меѓусебно поврзани, како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Од овој предлог закон ќе произлезе заострување на условите за именување на членови на Владата, со што се ограничува можноста за лица со двојно државјанство да ја извршуваат функцијата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Македонија.

Член 3

(1) Владата ја избира и разрешува Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собрание) со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.
(2) При предлагањето на составот на Владата, мандаторот предлага министри за секое од министерствата утврдени со закон и министри без ресор.
(3) Владата стапува на должност со денот на изборот.